Бр: 03-2/12
Скопје: 26.01.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 3 став (2) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 26.01.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја разгледа Предлог – Програмата за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година доставена од страна на Министерството за економија и по однос на намената на истата смета дека истата содржи мерки кои претставуваат државна помош но за истите не се применува Законот за контрола на државната помош согласно член 3 став (2), бидејќи таквата помош се доделува во областа на земјоделството и рибарството т.е. во соодветната преработувачка индустрија.

Согласно Националната класификација на дејности – НКД рев 2 („Службен весник на Република Македонија„ бр. 147/08 и 4/13), секторот Преработувачка индустрија опфаќа: производство на прехранбени производи, преработка и конзервирање на месо и производство на производи на месо, преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, производство на растителни и животински масла и масти, производство на млечни производи, производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб, производство на пекарски производи и тестенини, производство на други прехранбени производи (шеќер, какао, чоколади и кондиторски производи, преработка на чај и кафе, производство на зачини и други додатоци, производство на готови јадења и оброци и тн), производство на готова храна за животни.

Доставената Предлог – Програма за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија за 2022 година со двете содржани области (областа А. Имплементација на индустриска политика и областа Б. Општествена одговорност) содржи мерки за поддршка на конкурентноста на деловните субјекти, но бидејќи намената на тавките средства е со цел да им се помогне на компаниите во преработувачката индустрија, таквата помош потпаѓа под член 3 став (2) од Законот за контрола на државната помош за кои области овој закон не се применува. На основа на член 69 став (4) од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки („Службен весник на Република Македонија„ бр. 28/01) одредбите за државна помош не се применуваат за земјоделски и рибни производи, при што овие производи се сите производи што се наведени во поглавјата 1 до 24 од Комбинираната номенклатура и на производите што се наведени во Анексот I, параграф 1, (ii), од Договорот за земјоделство (ГАТТ

1994). Следствено на тоа, Министерството за економија не е обврзано да постапи согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош односно за горенаведената Предлог- Програма и не е обврзана да достави известување за планирано доделување помош согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11).

Вкупниот износ на средства за реализација на ова Предлог- Програма е предвидено да изнесува 13.900.000 денари, односно 13.100.000 денари за областа А. Имплементација на индустриска политика и 800.000 денари за областа Б. Општествена одговорност.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. д-р Владимир Наумовски**